Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јануари 2002 година.

Бр. 07-314/1
23 јануари 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Оломан Сулејмани,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Член 1

Во Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), членот 4 се менува и гласи:

"Ако во јавно претпријатие се вложат средства на правни или физички лица (во натамошниот текст: вложувач), основачот донесува одлука јавното претпријатие да се организира како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво со учество на државата, односно општината или градот Скопје (во натамошниот текст: друштво).

Дејноста друштвата од ставот 1 на овој член ја вршат под услови и начин утврден со овој и со друг закон.

Врз основа на одлуката од ставот 1 на овој член основачот и вложувачот склучуваат договор за основање на друштвото, односно донесуваат статут на друштвото или акт за основање.

Основачот на јавното претпријатие, јавното претпријатие може да го преобрази во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво во државна сопственост, односно сопственост на општината или градот Скопје.

Во одлуките од ставовите 1 и 4 на овој член, основачот, може да одобри издавање акции со повеќе гласови, ако тоа е потребно за зачувување претежно на економските интереси, или пак со закон е определено дека предметот на работењето на друштвото е од јавен интерес."

Член 2

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

"Член 4-а

Основачот, на предлог на јавното претпријатие, може да донесе одлука за издвојување на подружница или дел од јавното претпријатие, под услов подружницата, односно делот што се издвојува од јавното претпријатие да може непречено да продолжи со работа и да функционира посебно. Издвоената подружница, односно дел од јавното претпријатие се организира во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво во државна сопственост, односно сопственост на општината или градот Скопје или заедно со друг вложувач во друштво со учество на државата, односно општината или градот Скопје, а дејноста ќе ја вршат под услови и начин утврдени со овој и друг закон.

Основачот, на предлог на јавното претпријатие, може да донесе одлука за издвојување на дел од јавното претпријатие и во случаите кога во делот што се издвојува не се врши основната дејност на јавното претпријатие, односно не се вршат стопански дејности кои со закон се утврдени како дејности од јавен интерес. Издвоениот дел се организира како друштво со ограничена одговорност, односно акционерско друштво и ќе се приватизира со соодветна примена на одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал."

Член 3

Во членот 11 став 1 точка 2 зборовите: "и организирање на јавното претпријатие како друштво" се бришат.

Член 4

Претпријатијата во општествена сопственост кои вршеле дејност од посебен општествен интерес, а до денот на влегување во сила на овој закон не се организирале во јавно претпријатие или претпријатие кое врши стопанска дејност од јавен интерес, согласно овој закон и законот со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на дејностите од јавен интерес, ќе се организираат во друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва, согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за трговски друштва, доколку поинаку не е уредено со друг закон. Доколку дејностите што ќе ги врши новооснованото друштво се утврдени како стопански дејности од јавен интерес, истите ќе се вршат под услови и на начин утврден со закон.

Претпријатијата кои вршат дејности од јавен интерес до денот на влегувањето во сила на овој закон, а извршиле трансформација во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност во кое има општествен капитал и не можеле да преземат дејствија и активности согласно со член 107 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, општествениот капитал во овие претпријатија ќе се трансформира согласно со одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, доколку поинаку не е определено со друг закон.

Трансформацијата од ставовите 1 и 2 на овој член треба да се изврши во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".